## Мирослав Грчев
архитект

# Македонската лигава варијанта на фашизмот

**Вистинските прашања во врска со „Скопје 2014“ не се архитектонските, туку тие за опстанокот на македонското општество и култура, вели еминентниот архитект, професор, ангажиран – и политички – интелектуалец кој важи за еден од најжестоките отворени критичари на актуелната власт**



Разговараше Злате Лозановски

**? На Скопје, македонската престолнина, му се случи архитектонско цунами, проектот „Скопје 2014“. За новите градби сметате дека се „најглупавите во вселената, објекти што ја изложија нацијата на потсмев и на понижување пред цел свет“. Зошто, како архитект, треба да се срамите од изградената, од делата зад кои стојат и познати имиња на Ваши колеги-архитекти?**

! Проблемот со „Скопје 2014“ е што тој, уште од самиот почеток, е изместен надвор од архитектонската професија, исто како што е изместен и надвор од својот просторен и историски контекст... Станува збор за политичко-пропагандистички проект за воспоставување стогодишна недемократска власт на ДПМНЕ, а не за архитектонски проект. Конечно, до денес, зад него не застана ниту еден архитект или урбанист, туку единствено премиерот лично и членовите на неговата извршна камарила. Затоа, „проектот“ можеме да го дефинираме како партиско-државна злоупотреба на архитектурата, урбанизмот и уметноста, злоупотреба на градскиот простор и на целата македонска култура. Се работи за општествено и културно, а не само архитектонско, цунами што ги разниша темелите на нашиот уставен поредок, нашите сфаќања за македонската историја, нашиот идентитет и саморазбирање. Архитектонските објекти и споменицте се само средството, материјализацијата на една монструозна инверзија на системите на вредности на кои почиваат нашето општество и нашата појмовна идентификација... Поради огромната културно-општествена штета, што овој „проект“ му ја нанесе на општеството, од почеток одбивав да го разгледувам стриктно од стручен, архитектонски или урбанистички ракурс, зашто вистинските прашања во врска со „Скопје 2014“ се за опстанокот на македонското општество и култура, а не за малоумната употреба на неофранкенштајн стилот. Архитектонската појавност тука е површината на една многу подлабока катаклизмична појава што ги зафати темелите на нашата култура, па најточно би било да ја третираме како симптом на една сериозна, смртоносна болест на општеството.

Имав можност да разговарам со Марио Бота, еден од големците на светската архитектура, по повод неговата посета на Скопје, пред речиси една година. Неговиот коментар на „Скопје 2014“ беше: „Кога владата го претвора центарот на престолнината во накараден Дизниленд, мора нешто страшно да се случува со вашата земја...“. Ова го кажа со загрижен, речиси ужаснат израз на лицето и со искрена човечка емпатија, а така реагираа и сите други добронамерни архитекти од странство. Сите, пак, кои со дистанција ќе го здогледаат нашиот центар, природно реагираат со потсмев или со урнебесна смеа, зашто „Скопје 2014“ е гротеска, фарса или пародија на самата себе. Гледајќи ги зградите и спомениците како архитектонска порака, смеата е (за оние незасегнатите) единствената реакција, зашто структурата на пораката е самопародична. Хуморот тука е резултат на неверојатниот контраст помеѓу сериозната „херојска“ помпезност на објектите, нивната централна локација и големина - од една страна, и сиромашните уметнички и небаре идиотските архитектонски искази - од друга. А, тоа е така, бидејќи архитектите не се автори, туку извршители на кошмарните дилетантски идеи на нарачателот.

**? Ве обвинуваат дека, како поранешен градоначалник на Центар, имате одговорност за дивеење на урбаната мафија во Дебар Маало, за Кинескиот ѕид во Градскиот парк, за зградата „Тифани“, за тоа дека во Ваше време биле планирани и дел од спомениците (на Александар, на пример) и зградите... Колку и како Скопје, она по осамостојувањето, зафатено од транзицискиот бран, го подготви теренот за „2014“?**

! Сите овие обвинувања се пропагандистички лаги што се измислени и упорно повторувани токму од оние што ги потпишаа дивоградбите во Дебар Маало и Кинескиот ѕид... Во игра е формулата на Хитлер и Гебелс, дека сто пати повторуваната лага на крај се прифаќа како вистина. А, глупоста на овие лаги и нивната лесна проверливост е, за жал (и за наша срамота), правопропорционална на нивната ефикасност и пенетрантност. Тоа повторно зборува за затапената свест и за изманипулираноста на јавноста од страна на еден, во вистинска смисла на зборот, фашизоиден режим, кој сака да загосподари со душите на своите поданици. Не треба многу напор за да се провери дека кога јас бев градоначалник, надлежностите за одобренија за градење и инспекциите беа во рацете на

владата и на надлежното министерство, и дека јас можев само да набљудувам како овие, истите што мене ме обвинуваат, диват по градот... Јас се обидував со планерски средства да внесам поредок и еднакви права и услови за живот во Дебар Маало, но мојот план не доби согласност во 2000 година токму од владата на ДПМНЕ. Иако се борев за Дебар Маало, немав надлежност, па немам ни одговорност ниту за еден квадратен сантиметар од коруптивните градби, но тоа не ги попречи пропагандистичките измамници од ДПМНЕ да ме промовираат во татко на урбаната мафија... Мајката остана непозната, ха, ха... Конечно, да бев и малку одговорен за Кинескиот ѕид (против кој, инаку, прв кренав глас), тој ќе беше динамитиран, а не легализиран од оваа власт. А, со споменикот на Александар ќе можете да ме поврзете дури кога ќе се носи одлуката за неговото уривање...

Што се однесува до подготвувањето на теренот, тука имате право: теренот за „Скопје 2014" е подготвен во мачната транзиција што му претходеше. Но, тоа е историската предестинација што незапирливо ги донесе на власт и сите големи фашизми од 20 век. Се работи за локална адаптација на истата формула што ги изроди италијанскиот и германскиот фашизам по Првата светска војна: чувството на историски дисконтинуитет и индуцираната криза на националниот идентитет, колективната фрустрација и понижување од срамно изгубената војна од албанските востаници во 2001 година, предолгото економско пропаѓање и разочарувањето од можностите на демократијата... Варете ги овие состојки 15 години на тивок оган и ќе ја добиете македонската лигава варијанта на фашизмот и „Скопје 2014" како негова симболична презентација на градот и на светот...

**Се обидовте да докажете дека градбите се незаконски, оти планот за Малиот ринг е правно ништожен, дека е прекршен и Уставот, зашто Собранието, а не општината, е надлежно за поставување такви спомен-обележја. Безуспешно (Уставен суд ја отфрли Вашата иницијатива)! Што Ви дава за право да тврдите дека станува збор за огромен криминал за кој некој мора да одговара, кога сè е покриено со позитивни прописи и закони?**

Уставот и законите се напишани така за да можат да се разберат и почитуваат од сите граѓани. Ако во Уставот пишува дека нешто е бело, а владата работи како да е црно, не ни е потребен Уставен суд за да го разликуваме црното од белото. Тој (Уставен суд) не постои за да ги толкува зборовите и значењата во Уставот, зашто на норма што е директно спроведлива, која му е јасна на секој нормален човек и која се содржи во дефиницијата и во значењето на зборот, не ѝ е потребна судска заверка за секоја употреба. Особено ако Уставен суд не ги отфрла моите иницијативи затоа што наоѓа дека се неосновани, туку затоа што тој самиот (противуставно!) се прогласува за ненадлежен, што значи дека - иако има јасна уставна обврска да се изјасни, судот одбива да ги разгледа и да суди за нив... Самосуспензијата на Уставен суд (под експлицитен притисок на режимот) тука

## АКО ЈАВНОСТА НЕ МУ ВЕРУВА НА СВОЈОТ ПРОФЕСИОНАЛЕН ПРВАК ЗАТОА ШТО ЗАСТАНАЛ ВО ОДБРАНА НА СВОЕТО ОПШТЕСТВО И НА СВОИТЕ СЛОБОДАРСКИ УБЕДУВАЊА, ТОЛКУ ПОЛОШО ЗА НЕА

најдобро ја отсликува пропаста на македонското општество и на правната држава. И, затоа, не е точно дека државниот криминал е покриен со позитивните прописи и закони - како што формулиравте, туку со партизираното судство и со суспендираните институции на системот. Конечно, во Законот за споменици сè уште пишува дека само Собранието на РМ може да подигнува споменици, а дека општините смеат да подигнуваат само спомен-обележја, мали инсталации за пригодно обележување на локалните личности и настани. Како, тогаш, неизјаснувањето на Уставниот суд за мојата иницијатива, влијае на апсурдот од кој се топи мозок: дека Александар, кому власта му подигна споменик каков што Садам Хусеин си подигнуваше во своја слава, е „законит" само затоа што го сметаме за личност од општинско, локално значење?

**Во која мера архитектурата е политичка, во која техничка, а во која уметничка дисциплина и што значат тие одредници во проектот „Скопје 2014"?**

Во општества во кои власта е тоталитаристичка, архитектурата, особено државната, е политичка par excellence. Во слободни демократски општества и државната архитектура е слободна, во смисла на слободата на архитектонскиот израз. Но, уметничката



Интелектуалниот ангажман никогаш не може да се реализира преку партиска или политичка работа, зашто единствениот погон на интелектуалната промисла се љубопитството и сомневањето, како и непокорот кон ограничувачките догми

вредност на архитектурата зависи најмногу од изборот на архитектот и од творечкиот амбиент во земјата, од условите во кои тој ќе работи, а ова, пак, во авторитарни општества најмногу зависи од форматот и од просветеноста на нарачателот. Затоа имаме историски примери за врвна архитектура нарачана од апсолутни автократи и за глупава, кичерско-панаѓурска државна архитектура - каква што е оваа нашата од „Скопје 2014“, во која најважните „стилски и уметнички“ одлуки ги донел нарачателот, нашиот премиер, воден од провинциски комплекси, психопатолошки побуди и апсолутно незнаење.

**Овие тектонски промени во јавниот простор се проследени со долготрајна „рајска тишина, со санаториумски мир“, што го нарушуваат само поединци, меѓу кои сте и Вие. Како е можен ваков завет на молчење, овој естетичко-политички кетман, пред сѐ, од фелата, а потоа од сите што се нарекуваат интелектуалци?**

Архитектонската фела не реагира поинаку од другите струки или од другите социјални групи, зашто сите се чувствуваат под закана на една недемократска власт со тоталитарни претензии. И многу поголеми народи, и многу посилни култури се однесувале на сличен начин како и ние, кога биле притиснати од слични или пропорционални околности на партиско-државна закана. Кетманот е образец на однесување на поданиците во источните деспотии, каде што со сервилното однесување се купувала внатрешната слобода за власта тајно да се мрази. Нашето глумење „нормалност“ е кетмански образец на однесувањето во кој глумата треба да нѐ „исчисти“ од срамот поради нашиот ропски инстинкт за преживување, кој е - тоа ни е јасно на сите - вистинскиот „виновник“ за јавниот молк и за нашата понижувачка небунтовност.

**Сметате дека во овој „театар на апсурдот“ учествува и таканаречената меѓународна заедница со своите изјави во ракавици, со грижливо избраните зборови со кои ги испраќа своите забелешки. Зошто и како странците би го уредувале нашиот двор?**

Меѓународната заедница го набљудува нашиот перформанс на колективна индиферентност и исклучително автентичната глума на една кротка и артикулирана, речиси пријатна ментална ретардација... но, што друго можат тие да направат кога најголем дел од нацијата, со своето „нормално“ однесување практично соучествува, го легитимира мирниот уставен пуч, со кој е инсталирана една мусава и мрсулава еднопартиска диктатура, една националистичка, дури профашистичка идеологија и вистинска клептократија? Зошто некој од чист мир би слегувал да му ја преуредува и одзатнува септичката јама на далечниот сосед? Само затоа што последниов, поради сопствената некадарност, се дави во сопствениот измет?



Скопје 2014“ е што тој, уште од самиот почеток, е изместен надвор од архитектонската професија, исто како што е изместен и надвор од својот простор и историски контекст... Станува збор за политичко-пропагандистички проект за воспоставување стогодишна недемократска власт на ДПМНЕ, а не за архитектонски проект

**Партиската определеност - претседател на Советот на опозициската СДСМ - очигледно ги амортизира Вашите стручни забелешки, прават Вашата критика да изгледа „необјективна“, најмногу од аспект на директниот политички противник. Дали е во прашање желба за власт или партијата е единствениот механизам преку кој интелектуалецот може да влијае во општеството?**

Претседател на Советот на СДСМ сум помалку од шест месеци, а на архитектонската и урбанистичката вокација сум ѝ предаден професионално повеќе од 30 години. Последната една и пол деценија, претпоставувам, ниту еден припадник на мојата фела нема да негира дека сум во остриот врв на науката за градот во земјава и неприкосновен познавач и создавач на урбанистичката легислатива и стандарди. Ако јавноста не му верува на својот професионален првак затоа што застанал во одбрана на своето општество и на своите слободарски убедувања, толку полошо за неа. Конечно, освен секојдневните огласи во дневните весници и повеќето посветени пресови од партиската говорница, во кои ДПМНЕ се обидува да ја озлогласи мојата дребност, не можам да согледам друга лична сатисфакција за мојот политички ангажман... Инаку, интелектуалниот ангажман никогаш не може да се реализира преку партиска или политичка работа, зашто единствениот погон на интелектуалната промисла се љубопитството и сомневањето, како и непокорот кон ограничувачките догми. Овие својства на интелектуалното, практично, никогаш не се вклопуваат во партиски или во идеолошки формат. Затоа, мојот ангажман во Советот на СДСМ е советодавен и симболички: на тој начин експлицитно го залагам сопствениот авторитет во единствената партија што може да го обедини сенародниот фронт за соборување на Груевски од власта и за враќање на одземените права, слободи, вредности и перспективи...

## ИАКО СЕ БОРЕВ ЗА ДЕБАР МААЛО, НЕМАВ НАДЛЕЖНОСТ, ПА НЕМАМ НИ ОДГОВОРНОСТ НИТУ ЗА ЕДЕН КВАДРАТЕН САНТИМЕТАР ОД КОРУПТИВНИТЕ ГРАДБИ, НО ТОА НЕ ГИ ПОПРЕЧИ ПРОПАГАНДИСТИЧКИТЕ ИЗМАМНИЦИ ОД ДПМНЕ ДА МЕ ПРОМОВИРААТ ВО ТАТКО НА УРБАНАТА МАФИЈА

**Тврдите дека прво треба да се ослободиме од неуставната власт, од диктатурата на Груевски, значи прво демократија, па демократски избори. Како може демократски да се смени власт за која гласало мнозинството народ, па дури потоа да правиме регуларни избори?**

Во вашето прашање е вградена апорија, логичка грешка што го затвора мистичниот круг на злото, во кој змијата си ја голта сопствената опашка. Грешката е во претпоставката дека власта е избрана од мнозинството од народот, и тоа на слободни, фер и демократски избори. Не, ДПМНЕ не е избрана ниту еднаш од 2006 година на слободни и фер избори, затоа што, откога дојде на власт, воведе страв, уцена и партиско државна контрола на медиумите, судовите и органите на прогон. Во такви услови не се можни слободни и фер избори и сите знаеме дека тие и не беа тоа. Е, ако се согласиме со ова, тогаш е можна тезата дека прво треба да се собори недемократската власт, па потоа да се организираат демократски избори. А, ако прашувате како да се собори нелегалната власт? - ќе ви одговорам: сите средства што не ги загрозуваат основните уставни права на граѓаните и не ја зголемуваат нивната несреќа, употребени за соборување на нелегална власт, се легални.

**Што прво ќе направите со „Скопје 2014“, ако на локалните избори победите во Центар, односно во градот Скопје?**

Доколку опозициониот фронт победи со убедливо мнозинство, веројатно, ќе морам да го послушам ингениозниот совет на Марк Твен: „Кога ќе откриете дека сте на страната на мнозинството, итно морате нешто да сторите со себе“.